# ПРОИЗВОДНО - ЕКОНОМСКИ ЕФЕКТИ ОД ПРОИЗВОДСТВОТО НА СОНЧОГЛЕД ВО ОВЧЕ ПОЛЕ

Јован Аждерски1 , Дане Бошев1 , Љупчо Михајлов2
1Земјоделски факултет-Скопје
2ДОО „ 14-ти Септември - Свети Николе

1994, Скопје, Македонија, Средба „Факултет-Стопанство„ 94 на Земјоделскиот Факултет во Скопје, Зборник на трудови, Број 2, Година II.

Испитувањата беа изведени во реонот на Овче Поле, на површини од ДОО „ 14-ти Септември„ Свети Николе, на индустриска култура сончоглед. Со анализа на производно- економсите ефекти од производството на оваа култура, е опфатено истото претпријатие (ДОО), кое е предмет на проучување во трите последователни години и тоа 1991, 1992 и 1993 година, а притоа како базна е земена 1989.

Трудов, што како предмет на проучување го опфаќа обемот на трошоците и доходот на единица производ, укажува дека производните ефекти кај сончогледот, секоја година покажуваат дивергентни промени, што се последица главно од низа влијанија на надворешни фактори, паритет-усогласеност на цените во целина, интензитет на инфлаторните движења и слично, како и од познатите отежнати економски услови во стопанисувањето на претпријатијата, рационалноста во искористување на капацитетите и воопшто од доследното спроведување и почитување на принципот на економичноста.

**Клучни зборови:** сончоглед, производство, ефекти, економски.